**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје

ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за комунални работи

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош

Скопје, јануари 2025 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24 ) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија “ број 79/09 и Службен весник на Република Македонија “ број 241/24), Советот на Град Скопје на __________ та седница, одржана на _______2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

за изменување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош

**Член 1**

Во Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош (“Службен гласник на Град Скопје” бр.11/23 и 12/24) член 2 став 1 и став 2 се менуваат и ќе гласат:

“Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа одлука, изнесува 98.000.000,00 (деведесетиосуммилиони) денари со вклучен ДДВ.

Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 98.000.000,00 (деведесетиосуммилиони) денари, со вклучен ДДВ, одобрени со Буџетот на Град Скопје за 2023, 2024 и 2025 година и тоа за партнерно уредување од подпрограма ЈДА 482130 со 43.000.000,00 (четириесетитримилиони) денари и за озеленување од подпрограма ЈМ0 482930 со 55.000.000,00 (педесетипетмилиони) денари”.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
_________2025 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24 ), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 14 од истиот закон, утврдено е дека во вршење на своите надлежности општините можат меѓусебно да соработуваат.
Со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и Службен весник на Република Македонија “ број 241/24) е утврдено дека меѓуопштинската соработка се воспоставува заради вршење работи од надлежност на општините заради остварување на заеднички цели.

Таквата начелна можност е подетално разработена во Законот за меѓуопштинска соработка ( “Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09). Една од можностите, што е определена со член 30 од Законот, е правото на општините и Град Скопје да можат да здружуваат финансиски, материјални и други средства за реализација на заеднички проекти при извршувањето на своите надлежности. Ставот 2 од истиот член пак прецизира дека за здружување на финансиски, материјални и други средства, се склучува договор. Договорот го склучуваат градоначалниците на општините кои здружуваат финансиски, материјални и други средства, по претходно донесени одлуки на советите на општините.

Поаѓајќи од таквата можност, а по претходно утврдена потреба, за воспоставување на соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, за уредување на девастираниот простор кој се наоѓа на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош со што ќе се овозможи активно користење на зелените површини и транзитирање на овој простор од страна на граѓаните на градот (пешаци и велосипедисти).

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, спортски игралишта и паркова површина во Општина Карпош на просторот помеѓу помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска се утврди дека средствата предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2023 и 2024 година, не се доволни за целосна реализацијата на Одлуката, како и временскиот период кој опфаќа две буџетски години, поради што е потребно донесување на измена и дополна на оваа Одлука, а се со цел за усогласување со Буџетот на Град Скопје за 2024 и 2025 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош.